Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), а во врска со член 41 став 6 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, во врска со Известувањето со барање арх.бр.03-2414/1 од 14.05.2024 г. и Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци Уп1 бр.02-169 од 31.05.2024 г., со дополнување од 24.06.2024 г. и од 01.07.2024 г., согласно Заклучокот на Советот арх.бр.02-2978/5 од 10.07.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 28-та седница одржана на 10.07.2024 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци, и тоа за пристапување на физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул.„[redacted]“ бр.[redacted], [redacted], со учество од 30% во основната главнина на радиодифузерот, на начин што: физичкото лице [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр. [redacted], [redacted], основач-сопственик со учество од 100% во основната главнина на радиодифузерот, му пренесува на физичкото лице [redacted] од [redacted] 30% од уделот во основната главнина на радиодифузерот.

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци, по извршената промена наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци на 14.05.2024 г. преку полномошник [redacted] од [redacted] до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување со барање, арх.бр.03-2414/1 со кое ја извести Агенцијата и побара согласност да изврши делумен пренос на удел од сопственоста на радиодифузерот, односно 30% од уделот на физичкото лице [redacted] од [redacted], која е единствен сопственик на радиодифузерот, да се пренесе на физичкото лице [redacted] од [redacted].

Доставеното известување не беше во согласност со Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/14), поради што Агенцијата до полномошникот на радиодифузерот на 14.05.2024 г. достави Информација во врска со Известување за намера за делумен пренос на удел, арх.бр.03-2414/2 со кое го извести полномошникот на радиодифузерот дека според цитираниот Правилник, потребно е известувањето да го достави на посебен образец.

ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци, согласно член 41 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 31.05.2024 година до Агенцијата достави Известување за промена на сопственичката структура Уп 1 бр. 02-169 од 31.05.2024 г. на образецот пропишан од страна на Агенцијата. При увид во доставената документација беше констатирано дека истата не е уредна, во смисла на тоа што во изјавата која физичкото лице [redacted] ја дало во својство на управител на радиодифузерот, не беше наведено името и презимето на лицето кое пристапува во сопственоста на радиодифузерот. Имајќи го предвид ова, Агенцијата испрати писмен допис Уп 1 бр. 02-169 од 12.06.2024 г. до полномошникот – [redacted], со кој ја информираше за неуредноста на Известувањето, како и за тоа дека во доставеното Полномошно со кое таа е овластена да го поднесе Известувањето до Агенцијата треба јасно да

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

се наведе дека станува збор за поднесување на Известување за промена на сопственичката структура на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци. Освен тоа, ѝ укажа дека во Полномошното не е наведен целосен ЕМБГ на физичкото лице [redacted] и дека е наведен погрешен број на нејзиното живеалиште.

На 24.06.2024 г. до Агенцијата беше доставено уредно полномошно и нова изјава од управителот на радиодифузерот Уп 1 бр.02-169 од 24.06.2024 г. Меѓутоа, беше констатирано дека личните податоци за физичкото лице [redacted] (адреса на живеење и број на лична карта) наведени во нотарската заверка на доставената изјава се разликуваат од оние наведени во останатите документи во прилог на Известувањето, поради што полномошникот на радиодифузерот беше контактиран и известен за констатираната состојба.

На 01.07.2024 г. во Агенцијата беше доставена уредна изјава од физичкото лице [redacted] Уп 1 бр. 02-169 од 01.07.2024 г., со што се утврди дека вака доставеното Известување е комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

Агенцијата со цел да испита дали со предложените промени на сопственичката структура на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци би се создала недозволена медиумска концентрација, односно дали тие се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од ЗАВМУ, преку интернет Дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (РСМ), обезбеди „Информација за поврзани субјекти (овластени лица, органи на управување, сопственици во други субјекти) – тековна состојба“, број 0820-50/150020240228977 од 01.07.2024 г., од кои е видно дека физичкото лице [redacted] не се јавува како основач на трговски друштва.

Дополнително, Агенцијата изврши проверка и во Регистарот на вистински сопственици кој го води Централниот регистар на РСМ, од каде што го обезбеди документот „Тековна состојба за физичко лице - вистински сопственик“ за [redacted], број 2007-50/150020240228987 од 01.07.2024 г., од којшто беше констатирано дека ова лице не е евидентирано како вистински сопственик на ниту еден правен субјект.

По извршената промена на сопственичка структура, сопственици на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци ќе бидат следните физички лица: [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр. [redacted], [redacted], со учество во основната главнина од 70% и [redacted], со ЕМБГ [redacted] и адреса на ул. „[redacted]“ бр. [redacted], со учество во основната главнина од 30%.

Со оглед дека Агенцијата констатираше дека со предложените промени во сопственичката структура на ТРД РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на ЗАВМУ, односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување со барање арх.бр.03-2414/1 од 14.05.2024 г. и Известување за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КАВАДАРЦИ ДООЕЛ Кавадарци Уп1 бр.02-169 од 31.05.2024 г., со дополнување од 24.06.2024 г. и од 01.07.2024 г., Советот на Агенцијата, донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-169**
**11.07.2024 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ с.р.**

**Правна поука**: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор до надлежниот суд.